# ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТ

## ОПИС НА РАБОТНАТА ЗАДАЧА

**1. Назив на работната позиција:**

**Експерт за обуки и градење на капацитети**

**2. Контекст и цел на ангажманот:**

Во рамки на проектот „Граѓански мониторинг за одговорно управување со водите“, кој има за цел да ги зајакне капацитетите на граѓанските организации за следење и мониторинг на управувањето со водите, потребен е ангажман на експерт со експертиза во областа на политиките за води, правната рамка, и управувањето со речни сливови. Проектот е насочен кон идентификација на слабости во имплементацијата на законската рамка и изработка на алатки за граѓански мониторинг.

Проектот „Граѓански мониторинг за одговорно управување со водите“ е спроведуван од Здружението на граѓани ФЛОРОЗОН-Центар за еколошка демократија Скопје, во рамки на програмата за подгрантирање на проектот „Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан", имплементиран од Центарот за правни истражувања и анализи, Македонското здружение на млади правници и Фронт 21/42, а е финансиски поддржан од Европската унија.

**3. Цели на ангажманот:**

Главната цел на ангажманот е обезбедување стручно знаење и спроведување обука за граѓанските организации во областа на мониторинг и застапување.

За да се зајакнат капацитетите на граѓанските организации, проектниот тим ќе организира обука на која ќе учествуваат 30 претставници од локални и национални граѓански организации. Обуката ќе опфати теми како што се методологии за мониторинг, пристап до информации, анализирање на податоци и застапување базирано на докази. Учесниците ќе добијат практични насоки и ќе работат на реални студии на случаи поврзани со управувањето со водите. Оваа активност директно ќе придонесе кон градење на долгорочни капацитети за мониторинг и ефективно учество на ГО во процесите на носење одлуки.

Финансирано од Европска Унија · ЕУ за ТЕБЕ · ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ · МЗМП · ФРОНТ 21|42 · florozon center for environmental democracy

**4. Клучни задачи и одговорности на експертот за обуки и градење на капацитети**

- Испорака на еднодневна обука и градење на капацитети на граѓански организации
- Подготовка на наративен извештај со заклучоци
- Учество во пилот мониторинг акција и поддршка во подготовката на мониторинг извештајот
- Учество на работни средби и јавни настани, по потреба.

**5. Временска рамка:**

- Вкупно времетраење:  3 работни денови
- Индикативен временски период: февруари –март 2025 година
- Активностите ќе се реализираат во координација со проектниот тим на организацијата.

**<u>Финансиска понуда :</u>**

Максимален буџет е 8.000 мкд бруто износ по експертски ден.

**6. Пожелни квалификации:**

- Универзитетска диплома во областа на хидрологија, животна средина, инженерство, јавна администрација или сродни области;
- Минимум 3 години работно искуство во доменот на управување со води, политики за животна средина, или јавни политики;
- Познавање на националната и европската регулатива во областа на водите (особено EU Water Framework Directive);
- Способност за работа со граѓански организации и претставување на наоди пред различни засегнати страни;

**7. Начин на аплицирање:**

Кандидатите треба да достават:

- Кратка биографија (CV);
- Организација, методологија за извршување на активностите
- Финансиска понуда во бруто износ по ден
- Портфолио или пример(и) на слична работа (по можност).

**8.  Критериуми за доделување на договор**

- Искуство и портфолио: 40 бодови
- Организација и краток пристап (Квалитет и иновативност на стратегијата): 40 бодови

- Финансиска понуда: цена 20 бодови

## 9. Потпишување на договорот

По завршување на изборот за најповолен понудувач, сите понудувачи во постапката ќе бидат известени за одлуката за прифаќање/одбивање на доставената понуда во рок од 7 работни дена. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици.

Нарачателот го задржува правото да побара дополнителни документи од понудувачот. Најуспешниот понудувач ќе биде поканет да склучи договор за извршување на бараните услуги.

## 10. Начин на поднесување на понуди

Краен рок за аплицирање: **13.02.2025**
Понудите треба да бидат испратени на: project@florozon.org.mk или во извршната канцеларија на ФЛОРОЗОН на адреса : ул Никола Парапунов бр.41 , Макотекс , локал 102, 1000 Скопје, со назнака: “Експерт за обуки и градење на капацитети”.

Скопје,

Дата: 05.02.2025

Финансирано од Европска Унија ЕУ со ТЕБЕ ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ МЗМП ФРОНТ 21|42 florozon center for environmental democracy